Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Бр. 03-805**
**3.6.2020 година**

**До:**
Вработените на Факултет за ветреинарна медицина-Скопје

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

за превземање на мерки за превенција од ширење на Коронавирусот SARS-CoV-2

Врз основа на одлука на Деканатската управа број 0201-731/8 од 11.03.2020 година Кризниот штаб на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје за превенција од ширење на Коронавирусот SARS-CoV-2 на 7. состанок одржан на 3.06.2020 година го донесе следниве протоколи:

## 1. ПРОТОКОЛ
## ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СЕДНИЦИ НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА- СКОПЈЕ

1. Седниците на органите и телата на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје може да се држат само во:
    - сала за состаноци-Деканат,
    - предавална 1,
    - предавална 2
    - предавална 3
    - сала за состаноци при Ветеринарен институт (плава соба)
2. Бројот на учесници не е ограничен, но потребно е задолжително да се обезбеди физичко растојание на учесниците од 1,5-2,0$м^2$.
3. Учесниците треба да носат заштитни маски во текот на целиот настан.

4. Маските ги обезбедува Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје пред одржувањето на состанокот.
5. Во просторијата задолжително терба да има средство за дезинфекција на рацете кое се обезбедува од Факултетот.
6. Просторијата се проветрува, пожелно за време на часовите и задолжително во текот на паузите.
7. За време на паузите се забранува групирање на присутните на не повеќе од 5 лица со задолжително одржување на физичко растојание од најмалку 1,5- 2 $м^2$.
8. По завршување на настанот просторијата задолжително се чисти и се дезинфицира со средство кое делува на вируси според упатството од производителот.
9. Во просторијата се обезбедува корпа за отпадоци со капак.

# 2. ПРОТОКОЛ

## ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА, КОНТИНУИРАНИТЕ ПРОВЕРКИ И ИСПИТИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА – СКОПЈЕ

1. Наставниците и соработниците кои ја изведуваат наставата се одговорни за дезинфекција на просториите во кои се одвиваат практичната настава, континуирани проверки однкосно завршните испити (во натамошниот текст: наставни активности) согласно предметната програма.
2. Во просторијата во која се одвиваат наставни активности задолжително се поставува средство за дезинфекција и корпа за отпадоци со капак.
3. Во просторијата во која се одвиваат наставни активности задолжително се поставуваат натписи за задолжително носење на маски и ракавици.
4. На влезот во сите објекти на ФВМС каде што студентите реализираат наставни активности се поставиваат едукативно-информативни материјали за почитување на заштитните превентивни мерки (задолжително носење заштитна маска, одржување на физичко растојание, редовно дезинфицирање на рацете, правилна респираторна хигиена).
5. Бројот на студенти во просторијата каде што се одвиваат наставни активности, треба да биде според капацитетот на просторијата, односно да го задоволува задолжителното растојание од 1,5-2 метри.
6. Местата за седење за изведување на наставата треба да бидат соодветно обележани.
7. Одбраната на дипломски трудови и докторски дисертации се одвива согласно препораките на овој протокол.
8. Дезинфекцијата на подот на просторијата е задолжителна пред започнувањето на наставните активности, исто така и дезинфекција на приборот и опремата со која ракуваат студентите се дезинфицира пред и по реализацијата на наставната активност.

9. Студентите кои учествуваат во реализацијата на наставната активност задолжително носат заштитна маска и ракавици и вршат дезинфкеција на рацете пред и по реализацијата на наставната активност.
10. Наставниот кадар кој ја спроведува наставната активност задолжително носат заштитна маска и ракавици и вршат дезинфкција на рацете пред и по реализацијата на наставната активност.
11. Доколку завршниот испит се одвива во канцеларијата на наставникот, задолжително е студентите да полагаат еден по еден, при што студентите да не се групираат во објектот каде што се одвива испитот, туку својот ред да го чекаат надвор од објектот, на задолжително растојание од 1,5-2 метри.
12. По завршувањето на испитот со секој студент, потребно е да помине пауза во траење од 20 минути, и за тоа време да се изврши дезинфекција во канцеларијата.
13. За време а паузите се забранува групирање на студентите.
14. За дезинфекцијата во сите фази на наставната активност задолжително се води соодветна евиденција.
15. Просторијата во која што се одвиваат наставните активности потребно е почесто да се проветрува, по можност за време на наставната активност, и задолжително за време на паузата, односно по завршувањето на наставната активност.
16. По завршувањето на наставната активност, потребно е просторијата во која што се одвивала оваа активност да се исчисти (особено работните површини на кои што се работело) и да се дезинфицира подот со средство што делува на вируси (според упатството на производителот).
17. Во просториите на ФВМС потребно е редовно и зачестено одржување на хигиената на тоалетите.
18. За одвивање на теренската/практичната настава за која што е потребен превоз на студенти, задолжително е редовно чистење и дезинфицирање на возилото, задолжително носење заштитна маска и ракавици од страна на студентите и наставникот.

19. Бројот на студентите во возилото треба да ги исполнува критериумите за растојание помеѓу присутните согласно препораките на Владата на Република Северна Макеонија кои важат за јавниот превоз.
20. За теренската/практичната настава, студентите задолжитено потпишуваат изјава за солгасност.
21. Пред и по реализирањето на теренската настава задолжително е чистење и дезинфекција на возилото. За извршеното чистење и дезинфекција се врши соодветна евиденција.

Од Кризниот штаб

за превенција од ширење на вирусот Covid-19

Декан

Проф. д-р Лазо Пендовски